# ПОВИК БР. 0844-А1.3/1

**КОНСУЛТАНТ –**

**ФАЦИЛИТАТОР НА ЕДНОДНЕВНА ОБУКА И**

**ПОДГОТОВКА НА ДОКУМЕНТ ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ ЗА ЛОКАЛНО ГРАЃАНСКО ЗАСТАПУВАЊЕ**

Ве охрабруваме и ве повикуваме ние: Асоцијација Институт за социјална промена ИнСоК – Тетово во партнерство со Асоцијацијата за демократска иницијатива (АДИ) Гостивар, Центарот за едукација и развој (ЦЕД), Теарце, Асоцијација Институт за лидерство и јавна политика – Тетово, упатува повик за консултански услуги за подготовка на документ за јавна политика врз основа на Активност А.1.3 Работилница за локално граѓанско застапување од проектот ,,ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ: ПОТТИКНУВАЊЕ НА ГРАЃАНСКИОТ АНГАЖМАН И ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО ВО ПОЛОШКИОТ РЕГИОН“ со поддршка на Цивика мобилитас, проект на Владата на Швајцарија за поддршка на граѓанското општество во Северна Македонија, која ја спроведуваат Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), НИРАС од Данска и ФЦГ од Шведска.

**ПРЕДМЕТ НА АНГАЖМАНОТ**

Ангажирање на 2 (два) Консултанти - фацилитатори на еднодневна обука за локално граѓанско застапување која ќе се организира на 27.02.2025 година во Тетово и пишување на документ за застапување за граѓанско застапување на локално ниво до 15.03.2025 година.
За оваа позиција може да се аплицира поединечно или во тим од двајца консултанти.

Вредноста на оваа понуда изнесува: 36,000 ден бруто, распределена помеѓу експертите.

Понудите треба да содржат:

1. CV – Биографија
2. Писмо за интерес

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

Проектот ,,Зајакнување на младите: Поттикнување на граѓанскиот ангажман и претприемништвото во Полошкиот Регион“ е поддржан од владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас.

Понудите да се испратат најдоцна до 21.02.2025 година, е-маил: insoc@insoc.org.mk со назнака "за повик број 0844-А1.3 – Фацилитатор на еднодневна обука и пишување на документ за застапување за локално граѓанско застапување"

Потребни услови на консултантите – апликанти.

Образование и квалификации:

- Високо образование во релевантна област (на пример, политички науки, право, социологија, јавна администрација).
- Дополнителни квалификации или сертификати за фацилитација и обука се предност.

Искуство:

- Претходно искуство во фацилитација на обуки и работилници.
- Искуство во граѓанско застапување и пишување на документи за застапување.
- Работа со граѓански организации или во јавниот сектор.

Вештини:

- Одлични комуникациски и презентациски вештини.
- Способност за работа со различни групи и заедници.
- Вештини за пишување и подготовка на документи за застапување.
- Способност за анализа и истражување.

Лични карактеристики:

- Проактивност и иницијативност.
- Способност за работа под притисок и во динамична средина.
- Тимска работа и соработка.

Дополнителни барања:

- Познавање на локалната законска рамка и политики за граѓанско застапување.

Со почит,

Тетово, 15.02.2025

Надир Реџепи,

ИнСоК - Координатор на проектот

Проектот ,,Зајакнување на младите: Поттикнување на граѓанскиот ангажман и претприемништвото во Полошкиот Регион" е поддржан од владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас.